**1а. Општи дескриптори на квалификации за академските четиригодишни студии од прв циклус со 240 ЕКТС, студиска програма Музичар изведувач - Флејта Музичка академија, Универзитет ,,Гоце Делчев" Штип, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/2010) и Законот за националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/2013 и бр.30/2016).**

| **Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации** | | **Високо образование** | **Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации** |
|---|---|---|---|
| VI | VIA | Четиригодишни академски студии од прв циклус, 240 кредити | 6 |

Квалификации кои означуваат успешно завршување **на првиот циклус на студии (240 ЕКТС)** се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

| | |
|---|---|
| **Знаење и разбирање** | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија. Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење.<br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. |
| **Примена на знаењето и разбирањето** | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми.<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. |
| **Способност за проценка** | Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. |

| | |
|---|---|
| **Комуникациски вештини** | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати.<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. |
| **Вештини на учење** | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |

**1б. Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за академските четиригодишни студии од прв циклус со 240 ЕКТС, студиска програма Музичар изведувач - Флејта, Музичка академија, Универзитет ,,Гоце Делчев” Штип, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/2010) и Законот за националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/2013 и бр.30/2016).**

| | |
|---|---|
| **Знаење и разбирање** | Наставната единица придонесува пред се кон развојот на следните општи и специфични компетентности:<br><br>- здобивање со теоретски и практични познавања од предметот; |

| | |
|---|---|
| | - здобивање со изведувачки музички вештини специфични за инструментот Флејта;<br><br>- продлабочување на различни музички стилови и жанрови;<br><br>- продлабочен развој на музичкото слушање;<br><br>- развивање на аналитичко и креативно мислење преку решавање на зададени музички проблеми;<br><br>- развивање на способности за (музичка) комуникација преку тимска работа со корепетитор<br><br>- индивидуалност, (само)критичност и (само) проценување |
| **Примена на знаењето и разбирањето** | Преку предметната програма за ФЛЕЈТА, студентите се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за професионално и висококвалитетно изведување на музичките дела на инструментот флејта и се оспособуваат за самостојна професионална дејност како солист, камерен музичар, педагог или како музичар во оркестар. Во текот на студиите тие треба да совладаат определен репертоар од сите епохи, стилови и музички жанрови, со што кај нив се зајакнуваат естетските критериуми и во рамките на индивидуалните способности се развиваат сите елементи од аспект на техничка и музичка подготвеност за што поуспешно интерпретирање на музиката. |
| **Способност за проценка** | Способност за естетско/филозофска и квалитативна проценка на музичко дело и изведба .<br><br>Способност за самокритика и стремеж кон оригинален израз. |

| | |
|---|---|
| **Комуникациски вештини** | Во процес на интерпретирање на музичкото дело, независно дали е со пијано придружба, во камерен состав или со оркестарска придружба клучен фактор е добрата комуникација и музичката разбирливост. Таа одредува дали ќе биде успешен солистот, бидејќи и најдобрите идеи можат да пропаднат ако комуникацијата е лоша и преполна со грешки.<br>Притоа, комуникацијата не е само разговарање во врска со делото, туку таа подрабира неколку клучни вештини кои солистот мора да ги усвои.<br>Некои од комунациските вежтини кои мора да ги поседува музичарот – изведувач се:<br>- јасниот разговор со соработниците,<br>- -презентација на својата музичка идеа, |
| | - слушање на другите соработници, -<br>говорот на телото и друго. |
| **Вештини на учење** | Овој предмет се изучува преку индивидуална настава, а по потреба одредени сегменти се изведуваат и преку групна настава. Наставата се состои од предавања, практични вежби, интерпретација, консултации (групни или индивидуални), семинарски работи и самостојна работа<br>Предавања преку практична настава, работа со еден студент, индивидуално и како и тимско разбирање со корепетитор. |